МЕЃУНАРОДНО БИЕНАЛЕ ВО ИСТАНБУЛ

# Големо интересирање за проектите од Македонија

**Делото на Оливер Мусовиќ, официјален претставник од Македонија, го сврте вниманието токму поради темата - секојдневието и трагањето на уметникот по творечки мир, вели кураторката Сузана Милевска**


„Соседи“ на Мусовиќ

Учесниците од Македонија на Истанбулското биенале - проектот „Соседи“ на Оливер Мусовиќ, како официјален претставник, и изложбата „Секогаш веќе апокалипса“ на група автори од неколку земји - предизвикале големо интересирање кај посетителите на оваа светски реномирана ликовна манифестација, која е во тек. Македонските претставници во Каталогот на Биеналето се застапени на 4 страници, со текст и со репродукции.

- Делото на Мусовиќ го сврте вниманието токму поради обработената тема - секојдневието и трагањето на уметникот по творечки мир - вели кураторката Сузана Милевска, кустоска во Музејот на градот Скопје - а не помало интересирање предизвика и „Секогаш веќе апокалипса“, која беше поставена во уметничката галерија „Јуксел Сабанџи“.

Милевска информираше дека на Биеналето учествувале - со перформанси, фотографии и интерактивни проекти - уметници од 35 земји, меѓу кои голем број познати светски имиња како Хуан Муњос, Џенет Кардиф, Тони Ослер и други. Источна Европа била застапена само со дела од Унгарија и од Македонија.

Пренесувајќи ги своите импресии, авторот Оливер Мусовиќ вели дека неговото дело било единствено што може „да се види“. „Моето дело беше едно од ретките што имаа текст и на кои посетителите застануваа за да ги читаат“. Тој објасни дека во комуникацијата со годинашниот главен селектор на Биеналето, Швајцарецот Паоло Коломбо, ги договарале деталите за проектот, и дека конечната верзија прозлегла од претходниот „Мали големи приказни“.

Учеството на „Секогаш веќе апокалипса“ (изложбата беше поставена во скопскиот ИЗИС) било договорено уште во минатата година.

- Проектот беше провокативен, зашто во него учествуваа уметници од повеќе земји, што е светска тенденција. Освен од Македонија, во мојата мини-селекција има уметници од Бугарија, Југославија, Хрватска и Турција. Тоа се Лучезар Бојаџиев, Сашо Станојковиќ, Зденко Бужек, Хуесеин Алпетекин, Ана Стојковиќ, Жанета Вангели и Зоран Насковски. Уметниците прозбореа на свој начин за ситуацијата во Турција: трагедијата од земјотресот - вели Милевска.

Ѓорѓи Чулаковски-Ѓото, директор на Музејот на градот Скопје, институција што го организираше македонското претставување во Истанбул, оценува дека македонската уметност била на исто рамниште со уметноста на другите учесници и вели дека нашиот изложбен простор бил еден од попретставителните. (Л.Г.Д.)